РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 1163/1
18.02 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава од со наводи за постоење на судир на интереси од познат подносител, на 27 - та седница одржана на ден 14.02.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-5040/1 од 01.11.2019 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-5040/1 од 01.11.2019 година, поради што истиот да се затвара и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-5040/1 од 01.11.2019 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против членовите на Совет на Општина.

Во пријавата е наведено дека на седница на Совет на Општина е одлучено да се додели награда за едногодишни достигнувања од областа на социјалната заштита за директор на ЈОУ Детска градинка, а со оглед на тоа дека Советот на општината ја усвојува програмата за работа на детските градинки во општината од нивна надлежност, Советот директно влијаел врз реализација на програмата за работа на градинката.

Меѓутоа, имајќи во предвид дека Советот на општината е самостоен орган во состав на Општината и дека има свои надлежности утврдени во Законот за локалната самоуправа, Статут и Деловник за работа на општината со кој самата Општина детално ја утврдува надлежноста и организацијата на општината, а и при разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во пријавата нема елементи врз основа на кои Државната комисија може да постапува и да утврдува постоење, односно непостоење на состојба на судир на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Изработил: Ема Нешковска, соработник
Одобрил: Софка П. Дојчиновска


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk